Во согласност со правилата од грантот за Проектот “The care and knowledge alliance” кој е финансиски поддржан и спроведуван во рамките на Програмата Еразмус+ на Европската Унија а менаџирана од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Директорот на СОУ “Ѓорче Петров” од Прилеп распишува

**К О Н К У Р С**

за аплицирање за учество на ученици од втора, трета и четврта година, здравствена струка,профил медицинска сестра, кои би биле вклучени во овој проект и би следеле практична обука соодветна на нивниот образовен профил во домот за стари лица “SANYRES SUR S.L.” во Лас Росас, Мадрид, Шпанија.
Обуката ќе се одржи во периодот од 06 до 20 Март 2015[1] година.

Учениците кои се заинтересирани да аплицираат за оваа обука треба да достават:

- Мотивационо писмо;
- Пополнат формулар (кој може да се преземе од канцеларијата на педагошко-психолошката служба).

Документацијата се доставува до Психологот Лидија Алексоска не подоцна од 17.12.2014 година.
Сите апликанти се бидат повикани на интервју кое ќе се одржи на 18.12 2014 година. На истиот датум се очекува апликантите да бидат присутни пред кариерниот центар на училиштето во 12:00 часот. Интервјуто исто така ќе се бодува во вкупниот скор при селекцијата.

Проектот предвидува во обуката да бидат вклучени девет (09) ученици.

Дејан Димоски

Директор

Датум: 05.12.2014

[1] Датумите може да бидат предмет на ревидирање во согласност со патните аранжмани.